# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 12 Ноември 2014 година Скопје |
|---|---|
| www.opstinagpetrov.gov.mk | Бр.13 Год.IX |
| | kontakt@opstinagpetrov.gov.mk |

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. Измени и дополнување на Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2014 година (Ребаланс)..... стр.2

2. Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров ........ стр.

3. Одлука за давање на давање на објект сопственост на Општина Ѓорче Петров на трајно користење на ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје – Скопје ............................................ стр.

4. Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје ........................................................................ стр.

5. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров – Скопје ................................................................................................ стр.


**Ноември 2014 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година (Ребаланс)**

Се објавуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година (Ребаланс), што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Дваесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2014 година.

**Број 08-4798/1**
**од 12.11.2014 година**
**Скопје**
**с.р.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2014 година.

**Број 08-4798/2**
**од 12.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**
**с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002), и член 103 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст ("Сл.гласник на Општина Ѓорше Петров" бр.18/13), а во врска со Националната стратегија за млади на Република Македонија, Советот на општина Ѓорче Петров на 27-мата седница одржана на ден 12.11.2014 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## За измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Се врши измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров, на начин што, во Глава II – ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА, после насловот б)Партиципативно тело од областа на урбанизмот се додава нов наслов кој гласи:

**“в) Совет на млади”**

По член 41 се додаваат нови членови кои гласат:

### “Член 41-а

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Советот на млади на општина Ѓорче Петров, само ако се со место на живеење во Општината.

### Член 41-б

Одлука за основање на Совет на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

### Член 41-в

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината а се од интерес за работата на младите;
- предлага на Советот на општината Одлуки, Програми и други акти од значење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката и го следи споредувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на

настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;

- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

**Член 41-г**

Советот на млади има пет членови.

Советот на Општината покренува постапка за избор на членови во Советот за млади со јавен повик.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: Невладини организиации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината го избира и го разрешува Советот на млади .

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик, согласно Деловникот за работа на Советот на младите.

**Член 41-д**

Членовите на Советот на млади се избираат на 4 (четири) години.

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 41-ѓ**

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на советот е должен да свика вонредна седница на советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.

Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинството гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на советот на младите.

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на млади.

Советот на млади може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 41-е**

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и следење на локалната програма за работа на младите.
- Соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство.
- Консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите.
- Соработува со органите на општината во врска со политиките кон младите

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот за млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

**Член 2**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров ”.

**Број 07-4609/4**
**Од 12.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на давање на објект сопственост на Општина Ѓорче Петров на трајно користење на ЈЗУ„ Здравствен Дом на Скопје“ – Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на давање на објект, сопственост на Општина Ѓорче Петров на трајно користење на ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2014 година.

**Број 08-4798/3**
**од 12.11.2014 година**
**Скопје**
**с.р.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 10 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-мата седница одржана на ден 12.11. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на објект сопственост на Општина Ѓорче Петров**
**на трајно користење на ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје - Скопје**

**Член 1**

Од објектот со вкупна нето корисна површина од 186,57 м2 , кој се наоѓа на ул.„53“ бр.1, КП 1843 КО Волково, сопственост на Општина Ѓорче Петров, согласно Имотен лист број 64911 издаден од Агенција за катастар и недвижности - Скопје, се даваат на трајно користење 98,83 м2 нето корисна површна на ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје – Скопје, без надоместок.

**Член 2**

Трошоците за редовно одржување на објектот како и трошоците за електрична енергија, вода и други комунални услуги, по стапување на сила на одлуката ќе бидат на товар на ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје – Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4609/5** **Совет на Општина Ѓорче Петров**

**Од 12.11.2014 година** **Претседател**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје**

Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2014 година.

**Број 08-4798/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**од 12.11.2014 година** **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Скопје** **Сокол Митровски**
**с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на РМ" бр.79/09), Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје број 07-7444/1 од 30.10.2014 година и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – (Пречистен текст)(„Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-мата седница одржана на 12.11.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје**
**заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје кои се на територијата на Општина Ѓорче Петров, согласно која Градот Скопје ги превзема следните улици:

- ул. „Алексо Демниевски",
- ул. „Тиранска",
- ул.„Борис Сарафов",
- ул. „Војвода Васил Чакаларов",
- ул. „Ацо Шопов".

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат Договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Финанскиските средства за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбени и сервисни улици на подрачјето на градот Скопје,

што се наоѓаат на територија на Општина Ѓорче Петров, а кои се предмет на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Градот Скопје.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4609/6**
**Од 12.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина

Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 03 Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 03 Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2014 година.

**Број 08-4798/5**
**од 12.11.2014 година**
**Скопје**
**с.р.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија” број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-мата седница одржана на 12.11.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Се донесува Детален урбанистички план, за Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров – Скопје, со кој во целост се испочитувани одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, Законот

за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/06, 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следните граници на плански опфат:

- Запад и југозапад: - осовината на собирната улица Лука Геров;
- Североисток: - осовината на собирната улица Шарпланинска
- Југоисток: - осовината на собирна улица Тиранска;

Нацрт планот е утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, со одлука број 07-96/10 ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 1/14) на 21.01.2014година.

**Големината планскиот опфат изнесува 15.89 ха**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров – Скопје, кој се донесува, е изготвен од овластен правен субјект ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ; Дооел- Битола, со технички број У03-07/13-2.

Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 03 , Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следната СОДРЖИНА:

- Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед
1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

3. Природни чинители на опфатот
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје
12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

Графички дел:
1. Ажурирана геодетска подлога ...................................................... 1 : 1000
2. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ................ 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд,
вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура...1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Вовед
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од Просторен план на РМ
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

Графички дел:
1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на зеленило ........................... 1 : 1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план ............................................. 1 : 1000
3. Инфраструктурен план ................................................................... 1 : 1000
4. Синтезен план ........................................................................... 1 : 1000

**Ч л е н 4**

Донесениот Детален урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров – Скопје, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план, Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров – Скопје, со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план, Градска четврт СЗ 03, влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник " на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-4609/7**
**Од 12.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**